ПРОМЕНИ
ШТО НОСАТ ИДНИНА

ОТЧЕТ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ ДИМИТАР КОСТАДИНОСКИ 2021-2025 ГОДИНА



Септември 2021-2025 година





Почитувани граѓани на општината Јегуновце,

Ви се заблагодарувам за поддршката и довербата која од Вас ја добив за да бидам прв човек на општината Јегуновце и заедно со сите вас да продолжиме да ја градиме општината Јегуновце на сите полиња. Во изминативе четири години покажавме дека нашата изборна програма промени што носат иднина е со многу богата визија, со конкретни проекти, со конкретни решенија, и со посветена работа, се стремиме да ја исполниме. Програмата што пред вас ја ветив е произлезена од потребите на нашите граѓани и со приоритетни проблеми кои заедно ги решаваме чекор по чекор.

Во изминативе четири години сработивме многу, но уште многу има да се сработи. Современиот начин на живеење од сите нас бара да водиме трка со времето за да ги остваримe поставените цели и да остваримe нови дела на многу полиња. Во оваа трка во ниту еден случај не смееме да се одделиме од традиционалните вредности на еден човек и целосно да ги почитуваме етичките норми и моралните вредности. Во овој мој мандат во фокусот ќе бидат граѓаните на општината Јегуновце и решавањето на нивните проблеми.

Работата и проектите што ги изведувавме, обезбедуваме подобар живот на секој граѓанин на општина Јегуновце и тие се заеднички успех на сите нас. Општината е наш заеднички дом и сите имаме обврска согласно своите ингеренции и можности да помагаме за нејзин прогрес. Наша карактеристика и понатаму е чесна и транспарентна работа и отчетност за сработеното, како и соработка со нашите граѓани при донесување одлуки.

Општината Јегуновце ќе продолжи со домаќинско и транспарентно работење да биде сервис за своите граѓани во вистинска смисла на зборот.

Со почит,

градоначалник
на општината Јегуновце

Димитар Костадиноски

ПРОМЕНИ

ШТО НОСАТ ИДНИНА

2021-2022 ГОДИНА





ОТВОРЕНА НОВА ДЕТСКА ГРАДИНКА ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО ПРЕЉУБИШТЕ

Во градинката „ЦВЕТОВИ“ како и во градинката „Јаболчиња“ дополнително е извршена промена на досегашниот начин на затоплување, инсталирано е ново модерно парно греење со топлинска пумпа со што инвестираме во нова, модерна, економична и незагадувачка технологија за нашите најмлади жители.

Отворена нова детска градина „ ЦВЕТОВИ “, кој ќе згрижува до 50 деца и тоа:

25 во македонска паралелка и
25 во албанска паралелка.



Градинката ЦВЕТОВИ е подготвена за дечињата од општина Јегуновце, целосно опремена и ги исполнува сите стандарди.

Со оваа инвестиција ќе се подобрат условите на најмладите и самиот персонал.
Средствата се обезбедени од буџет на општина Јегуновце.



ИВРШЕНО Е ЗАГРАДУВАЊЕ НА ДЕТСКАТА ГРАДИНКА ЈАБОЛЧИЊА ОД НАСЕЛЕНО МЕСТО ЈЕГУНОВЦЕ И ДЕТСКАТА ГРАДИНКА ЦВЕТОВИ ОД НАСЕЛЕНО МЕСТО ПРЕЉУБИШТЕ





Заградени со бетонски цигли и метална ограда детската градинки „Јабочиња“ во населено место Јегуновце и детската градинка „Цветови“ во населено место Прељубиште.

Со овој зафат е комплетиран уште еден проект кој благодет ќе видат нашите деца.

НАБАВЕНИ ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ ЗА ГРАДИНКИТЕ ЈАБОЛЧИЊА ОД НАСЕЛЕНО МЕСТО ЈЕГУНОВЦЕ И ДЕТСКАТА ГРАДИНКА ЦВЕТОВИ ОД НАСЕЛЕНО МЕСТО ПРЕЉУБИШТЕ

Со оваа реализација ќе се подобрат условите на најмладите кој престојуваат во овие детски градинки од овие населени места, овозможено им е непречено да се рекреираат и забавуваат.





ИЗГРАДЕНИ ДЕТСКИ ЗАБАВНИ ПАРКОВИ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ЈАНЧИШТЕ И ЈЕГУНОВЦЕ

Изградени детски забавни паркови во населено место Јанчиште и населено место Јегуновце.

Со оваа реализација ќе се подобрат условите на младите и сите жители од овие населени места каде веќе можат непречено да спортуваат и се рекреираат.



Средствата се обезбедени од страна на центарот на полошко планскиот регион во соработка со општина Јегуновце.



Продолжуваме со зацртаните цели и проекти со кои го подобруваме квалитетот на живеење во сите сфери, особено важно е што инвестираме и ги подобруваме условите каде спортуваат и се рекреираат нашите деца и сограѓани.

ИЗВРШЕНА КОМПЛЕТНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕТСКИ ЗАБАВЕН ПАРК ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО СИРИЧИНО

Извршена реконструкција на руинирано детско игралиште, реновирани сите клупи за одмор, како и уреден со бекатон плочки кругот на повеќенаменското спортско игралиште во населено место Сиричино.



Со оваа реализација се подобруваат условите на младите и сите жители од ова населено место непречено да спортуваат и се рекреираат.

Продолжуваме со зацртаните цели и проекти со кои го подобруваме квалитетот на живеење во сите сфери, особено што ги подобруваме условите каде спортуваат и се рекреираат нашите деца и сограѓани.



ИЗГРАДЕН ДЕТСКИ ЗАБАВЕН ПАРК ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО РОТИНЦЕ

Изграден детски забавен парк во населено место Ротинце.

Со оваа реализација ќе се подобрат условите на младите и сите жители од ова населено место каде ќе можат непречено да спортуваат и се рекреираат.

Средствата се обезбедени од буџет на општина Јегуновце.





-Поставување на нов систем на централно греење на пелети,

-Целосна промена на електричната инсталација со громобрани и заземјување,

-Реконструкција на санитарните јазли,

-Промена на дел од подови,

-Поставување на пристапна рампа и внатрешно поврзување на училиштето со интернатот

ИЗВРШЕНА ЦЕЛОСНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ИНТЕРНАТОТ И НА „ОУ СИМЧЕ НАСТОВСКИ“ ОД НАСЕЛЕНО МЕСТО ВРАТНИЦА

Апликацијата за проектот во вредност од 10.275.563,19 денари е добиена и целосно финансирана од МОН, а со овој инфраструктурен зафат во „ОУ Симче Настовски“ ќе бидат опфатени следните позиции на реконструкција:

-Нова фасада со изолација,

-Промена на кровна конструкција на интернатот,



ИНСТАЛИРАНА НОВА ВОДОВОДНА МРЕЖА КОЈА ЌЕ ОБЕЗБЕДИ ЧИСТА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ ЗА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ЖИЛЧЕ И ШЕМШОВО

Извршена е бушотина и спроведено нова линија на водоводна мрежа во должина од 1,8км која го решава долгогодишниот проблем со вода за пиење за населените места Жилче и Шемшово.

Со пуштање во употреба на новата линија се обезбедува здрава вода за пиење за населени места Жилче и Шемшово, со тоа што се решава долгогодишниот проблем со водоснабдување за овие населени места.





Продолжуваме со зацртаните цели и проекти со кои го подобруваме квалитетот на живеење во сите сфери, особено важно е што инвестираме и ги решаваме приоритетните работи на жителите.

Средствата за оваа реализација се обезбедени од буџет на општина Јегуновце.



ИЗГРАДЕН КОЛЕКТОР ЗА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ПОМЕЃУ НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ЖИЛЧЕ И ШЕМШОВО И СТАВАЊЕ ВО ФУНКЦИЈА НА САМАТА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ОД НАСЕЛЕНО МЕСТО ЖИЛЧЕ

Со овој изграден колектор за фекална канализација, односно поврзување на населеното место Жилче со системот на канализација на населеното место Шемшово се завршуваат градежните зафати и е ставана во функција канализационата мрежа на населено место Жилче, каде жителите веќе можат да се приклучат на фекалната канализациона мрежа која како општина Јегуновце ја оспособивме и ставивме во целосна употреба.

Со оспособување на канализационата мрежа и функционирање на колекторот за поврзување се решава деценискиот проблем на жителите од населеното место Жилче и веќе истите имаат функционална фекална канализација.



ИЗВРШЕНА Е РЕКОНСТРУКЦИЈА И ПРОШИРУВАЊЕ НА ДВА МОСТА ВО с.ШЕМШОВО И ЕДЕН ВО с.РОТИНЦЕ

Завршени три инфраструктурни проекти, извршена целосна реконструкција и проширување на мостови и тоа два на регионалниот пат Шемшово - Сиричино - Желино и еден на локалниот пат во с.Ротинце.





Според проектниот план за реконструкција , најавувам активности и во другите населени места, ги слушаме проблемите на граѓаните, носиме одлуки и решенија, работиме посветено, чесно и транспарентно !

Со овој зафат значително ќе се подобрат условите за одвивање на сообраќајот на овие простори а жителите ќе можат без потешкотии да ги извршуваат своите обврски и безбедно да патуваат до потребната дестинација.





ИЗВРШЕНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА РУИНИРАНИ ШАХТИ ОД ФЕКАЛНАТА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО СИРИЧИНО

Извршен градежен зафат, реконструкција на руинирани и пропаднати шахти од фекална канализација во населено место Сиричино. Средствата за оваа реализација се обезбедени од буџет на општина Јегуновце. Продолжуваме со подобрување на условите за живот на жителите, континуирано инвестираме и навремено одговараме на нивните барања и проблеми со кои се соочуваат.

ДОДЕЛЕНИ БЕКАТОН-ПЛОЧКИ ВО ПОВЕЌЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА

Доделени се бекатон-плочки со цел довршување на започнати градежни проекти како и поплочување на нови сокаци и улици во населените места:

-Копанце
-Прељубиште
-Јанчиште
-Подбреѓе
-Туденце
-Ротинце
-Ратае
-Јегуновце
-Вратница
-Старо Село
-Беловиште



ПРОБИЕН ЛОКАЛЕН ПАТ ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО РОГАЧЕВО

Извршено пробивање на полски пат во населено место Рогачево, реализиран проект од локално значење.

По превземените градежни активности успешно е пробиен и проширен полскиот пат од населено место Рогачево до регионалниот пат во должина од 1.1 км.

Санацијата на патот е одговор на барање на жителите на населено место Рогачево за кои како Општина Јегуновце излеговме во пресрет на нивното барање и го решивме проблемот.

Средствата се обезбедени од буџет на општина Јегугуовце.





ТАМПОНИРАНА УЛИЦА ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО ЈАЖИНЦЕ

По барање на месното население извршено тампонирање на улица во населено место Јажинце.

Се грижиме нашите сограѓани да имаат непречен тек во извршување на своите активности.

Ги уверуваме жителите дека можат да бидат спокојни и дека во општина Јегуновце нема да запре нормалното функционирање.



ИЗГРАДЕНО КОШАРКАРСКО ИГРАЛИШТЕ ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО СИРИЧИНО

Со инвестиција на наш иселеник од Америка, изградивме кошаркарско игралиште во населено место Сиричино.

Овој спортски терен е изграден по сите пропишани протоколи и истиот е осветлен.



НАБАВЕН БАГЕР ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОПШТИНСКОТО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „ОЈП ЈЕГУНОВЦЦЕ“

За поефикасно работење на општинското јавно претпријатие „ОЈП Јегуновце“ за комунални услуги во општина Јегуновце набавена е половна машина равокопач утоварувач со додатоци (багер).



Набавената механизација ќе биде користена за чистење на диви депонии, одржување на локални патишта, одржување на водоводна мрежа, чистење на речни корита, инфраструктурни зафати и за тековни потреби на комуналното претпријатие и општина Јегуновце.

Средствата за оваа реализација се обезбедени од буџет на општина Јегуновце.

НАБАВЕН Е КАМИОН ТРООСОВИНЕЦ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОПШТИНСКОТО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „ОЈП ЈЕГУНОВЦЕ“

Во насока на подобрување на работата и услугите што ги нуди општинското комунално претпријатие, набавена е механизација – Камион.

Ова е капитална инвестиција за потребите на јавното претпријатие која значително придонесува за работата на самото комуналното претпријатие.

Средствата за оваа инвестиција се обезбедени од буџет на општина Јегуновце.





НАБАВЕН КАМИОНЕТ ПАТАР ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОПШТИНСКОТО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „ОЈП ЈЕГУНОВЦЕ“

Со оваа набавена механизација целосно ќе одговориме за потребите на комуналното претпријатие кое ќе може непречено да ги спроведува своите активности.

Јавното претпријатие „ОЈП Јегуновце“ со сопствена механизација и капацитет ќе биде на располагање на потребите на општината, а со тоа ќе се заштедат буџетски средства и нема да се ангажираат надворешни субјекти.



НАБАВЕНИ ЦЕВКИ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОДНАТА МРЕЖА ЗА НАСЕЛЕНО МЕСТО СИРИЧИНО

Со цел спречување нови дефеци што се случуваат на самата линија од водоводната мрежа во населено место Сиричино, по барање на месното население општина Јегуновце набави водоводни цевки во должина од 200 метри.

Средствата за оваа инвестиција се обезбедени од буџет на општина Јегуновце.

ИСЧИСТЕНИ ПОВЕЌЕ ОД ДВАЕСЕТ ДИВИ ДЕПОНИИ ВО ПОВЕЌЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА НИЗ ОПШТИНА

Во соработка со општинското јавно претпријатие и расположливата механизација исчистени се повеќе од дваесет диви депонии на територија на општина Јегуновце што со години се проблем за локалното население. Чистењето на дивите депонии е по барање на жителите, а ние како локална власт превзедовме мерки за решавање на проблемот. Континуирано ќе се чистат и уредуваат дивите депонии и јавен простор во сите населени места во општина Јегуновце.



ВО ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ ПОСТАВЕН Е ПОС - ТЕРМИНАЛ

Со инсталирањето на оваа услуга на граѓаните им нудиме подобра услуга и избор да плаќаат на начин кој тие го претпочитаат.

Трансакциите со картички го забрзуваат процесот на наплата, без чекање редови по банки и пошти, заради броење пари, и сл. Тие се изведуваат електронски, заштедуваат време и ги снижуваат трошоците преку намалување на манипулацијата со готови пари и извршување уплати, а со тоа ги намалуваат можностите за злоупотреба и ризикот поврзан со работење со готовина.





ПОДЕЛЕНИ ХУМАНИТАРНИ ПАКЕТИ ПО ПОВОД МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО РАЗВОЈОТ

Поделени хуманитарни пакети по повод меѓународниот ден на лицата со попреченост

Посебен акцент заслужуваат лицата на кои што им е потребна и неопходна помош за изедначување со останатите во општествениот систем.

Општина Јегуновце во рамки на своите можности континуирано ќе ги помага овие лица.



ИЗГРАДЕНА БЕТОНСКА БРАЗДА ЗА НАВОДНУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПОВРШИНИ ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО ЈАНЧИШТЕ

Со оваа инвестиција значително се подобруваат условите на земјоделците и сите жители.

Со вакви инвестиции ќе продолжиме континуирано, во сите населени места и во различни сфери од надлежност на локалната самоуправа.

ИСЧИСТЕН КАНАЛ ОД НАСЕЛЕНО МЕСТО ЖИЛЧЕ ДО НАСЕЛЕНО МЕСТО ПРЕЉУБИШТЕ

Со цел спречување нови поплави што се случуваат по течението на каналот кој води од населено место Жилче до населено место Прељубиште од страна на „ОЈП Јегуновце“ беше спроведена нова акција за чистење на коритото на овој канал.

Со реализација на оваа акција се исчисти и се прошири речното корито на каналот, и со тоа се овозможи подобро течение и спречување неконтролираното излевање на вода, со што значително ќе се намалат ризиците од поплави при пообилни врнежи.



НАВРЕМЕНО ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ И ПАТИШТА ВО ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

Редовно чистење на снегот од локалните улици и патишта во населените места низ општина Јегуновце во зимски услови.

Фирмата изведувач ангажирана од страна на општина Јегуновце со целокупната своја механизација успешно ги исчисти сите локални улици од снежните наноси на територијата на општина Јегуновце во зимата 2021 и 2022 година.

Се грижиме нашите сограѓани да имаат непречен тек во извршување на своите активности.





ИЗВРШЕНА ДЕЗИНСЕКЦИЈА ПРОТИВ КОМАРЦИ

Извршени се три дезинсекции против комарци на територија на општина Јегуновце.

Со овие дезинсекции опфатени се сите предвидени локации согласно програмата за заштита од заразни болести во населените места, сите излетнички места на територија на општина Јегуновце, според однапред донесен план.



ВРАЌАЊЕ ВО ФУНКЦИЈА НА ФУДБАЛСКИОТ СТАДИОН ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО ЈЕГУНОВЦЕ И АКТИВИРАЊЕ НА ФУДБАЛСКА ШКОЛА ЗА ДЕЦА НА ВОЗРАСТ ОД 7 ДО 14 ГОДИНИ

Општина Јегуновце постојано вложува средства за развој на спортот, издвојува средства како на регистрираните спортски клубови, така и за организирање на турнири по населените места.



ОБЕЗБЕДЕНА ФИНАНСИСКА ПОДРШКА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ

Општина Јегуновце во континуитет и граници на своите финансиски можности активно ги подржува културните настани.



ПРОМЕНИ

ШТО НОСАТ ИДНИНА

2022-2023 ГОДИНА





ИЗВРШЕНО РЕНОВИРАЊЕ НА НАДВОРЕШНИОТ ДЕЛ ОД БИБЛИОТЕКАТА „СВЕТЛИНА-DRITA„ ВО ПРЕЉУБИШТЕ

Извршено целосно реновирање на надворешниот дел од библиотеката "Светлина-Drita" во с.Прељубиште.

-Фасадиран цел објект од зградата на библиотеката;

-Извршено комплетно оградување на дворот со ѕид и метална ограда;

-Поставени бекатон плочки во дворот и пред самата библиотека;

-Променети со нови плочките од скалите и поставена настрешница на влезот од зградата.



Комплетиравме уште еден проект кој е од интерес на сите жители на општина Јегуновце.



Со оваа инвестиција ќе се подобрат условите на најмладите и самиот персонал.

Средствата се обезбедени од буџет на општина Јегуновце.





ИЗВРШЕНА ЦЕЛОСНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОУ ВО СИРИЧИНО

Извршено е комплетно реновирање на надворешниот и внатрешен дел во ПОУ од с.Сиричино:

-Фасадиран цел објект од училишната зграда,
-Променета кровната конструкција со табли од термопанел,
-Реновиран е и целиот внатрешен објект, реновирани се сите кабинети за настава,
-Променети се вратите,
-Целосна промена на електричната инсталација со громобрани и заземјување,
-Поставување на нов систем на централно греење со топлотна пумпа, со што е променет досегашниот начин на затоплување во нов поефикасен.

Со реновирање на ова подрачно основно училиште учениците и персоналот добија соодветни услови за настава и работа.

Ќе продолжиме со инвестициите во образованието, ќе ги исполниме дадените ветувања.







ИЗВРШЕНО ОГРАДУВАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ ДВОР ВО РОГАЧЕВО

Извршено целосно оградување и уредување на училишниот двор во с.Рогачево.

-Поставени бекатон плочки,

-Извршено комплетно оградување на дворот со ѕид и метална ограда;

-Поставени бекатон плочки во дворот и пред самото училиште;



Комплетиравме уште еден проект кој е од интерес на сите жители на општина Јегуновце.



Со оваа инвестиција ќе се подобрат условите на најмладите и самиот персонал.

Средствата се обезбедени од буџет на општина Јегуновце.





ИЗВРШЕНО КОМПЛЕТНО РЕНОВИРАЊЕ НА ВНАТРЕШНИОТ ДЕЛ НА ПОУ ВО ТУДЕНЦЕ

Извршено е комплетно реновирање на внатрешниот дел од просториите во ПОУ во с.Туденце како и поставен е нов систем за централно греење со топлинска пумпа.

Со финансиски средства на Општина Јегуновце реновиран е целиот внатрешен објект, променета целата електрична исталација, реновирани се сите кабинети за настава дополнително е изграден и нов кабинет, променети се вратите, поставен е систем со парно греење со топлинска пумпа со што е променет досегашниот начин на затоплување во нов поефикасен.

Со реновирање на ова подрачно основно училиште учениците и персоналот добија соодветни услови за настава и работа.

Ќе продолжиме со инвестициите во образованието, ќе ги исполниме дадените ветувања.







ИЗВРШЕНО КОМПЛЕТНО РЕНОВИРАЊЕ НА ВНАТРЕШНИОТ ДЕЛ НА ОУ ВО ЖИЛЧЕ

Извршено е комплетно реновирање на внатрешниот дел од просториите во ОУ во с.Жилче .

-Реновиран е и целиот внатрешен објект, реновирани се сите кабинети за настава,

-Целосна промена на електричната инсталација ,

-Поставен е нов систем за централно греење со топлинска пумпа.



Со реновирање на ова подрачно основно училиште учениците и персоналот добија соодветни услови за настава и работа.

Ќе продолжиме со инвестициите во образованието, ќе ги исполниме дадените ветувања.







ИЗВРШЕНО РЕНОВИРАЊЕ НА ВНАТРЕШНИОТ ДЕЛ ОД ПРОСТОРИИ ВО ИНТЕРНАТ КОЈ Е ВО СОСТАВ НА ОУ СИМЧЕ НАСТОВСКИ ОД ВРАТНИЦА, ПРОСТОРИИ КОЈ СЕ ПРЕНАМЕНЕТИ ЗА НОВА ДЕТСКА ГРАДИНКА

Со финасиски средства на Општина Јегуновце реновиран е целиот внатрешен објект по пропишани стандарди:

-Променети се вратите,
Преградени се простории
-Направени се нови санитарни јазли,
-Поставени се венициjанер ролетни.

Опремувањето се очекува да биде од страна на Министердтвото за труд и социјална политика.

За мене како Градоначалник на Општина Јегуновце од посебна важност се инвестициите во образованието и социјалната политика, ќе продолжиме со исполнување на дадените ветувања.









ИНСТАЛИРАНИ 18 ИНВЕРТЕР КЛИМИ ВО СЕДУМ ПОДРАЧНИ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

Инсталирани 18 инвертер клими во седум подрачни основни училишта во општина Јегуновце, донирани од страна на УНДП.

Со инсталирање на инвертер клима уредите променет е досегашниот начин на затоплување кој досега беше на огревно дрво, придобивките од инвертер климите се очекува да бидат одлични, ќе создадат одлични услови за топли простории и нормално изведување на работните задачи и одвивање на наставата во зимските денови а со тоа се очекува помала потрошувачка, заштеда на финансиски средства како и почиста животна средина.

ПОСТАВЕНА ТОПЛИНСКА ПУМПА ВО ПОУ КОПАНЦЕ

Со инсталирање на топлинска пумпа променет е досегашниот начин на затоплување кој досега беше на огревно дрво, придобивките од инвертер климите се очекува да бидат одлични, ќе создадат одлични услови за топли простории и нормално изведување на работните задачи и одвивање на наставата во зимските денови а со тоа се очекува помала потрошувачка, заштеда на финансиски средства како и почиста животна средина.





ИЗВРШЕНО РЕНОВИРАЊЕ НА ВНАТРЕШНИОТ ДЕЛ НА ОУ ВО РАТАЕ

Извршено е реновирање на внатрешниот дел од просториите во ПОУ во с.Ратае .

-Реновиран е и целиот внатрешен објект, реновирани се сите кабинети за настава,

-Целосна промена на електричната инсталација,

-Поставен е нов систем за греење со инвертер клима уреди.



Со реновирање на ова подрачно основно училиште учениците и персоналот добија соодветни услови за настава и работа.

Ќе продолжиме со инвестициите во образованието, ќе ги исполниме дадените ветувања.



ОБЕЗБЕДЕНИ ПРИГОДНИ ПОДАРОЦИ ЗА ПРВООДДЕЛЕНЦИТЕ ОД СИТЕ ОСНОВНИ И ПОДРАЧНИ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

За сите првачиња од централните и сите подрачни училишта имаше обезбедено пригодни подароци од Општина Јегуновце за успешен почеток на учебната година.



ИЗГРАДЕН КОЛЕКТОР ЗА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО РАТАЕ И СТАВАЊЕ ВО ФУНКЦИЈА НА САМАТА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ДО НАСЕЛЕНО МЕСТО ЖИЛЧЕ

Со овој изграден колектор за фекална канализација, односно поврзување на населеното место Ратае со системот на канализација на населеното место Жилче се завршуваат градежните зафати на дел од проектот и се става во функција канализационата мрежа на населено место Ратае, каде дел од жителите веќе можат да се приклучат на фекалната канализациона мрежа која како општина Јегуновце со ОЈП Јегуновце ја изградивме и ставивме во целосна употреба.

Со изградба на канализационата мрежа и функционирање на колекторот за поврзување се решава деценискиот проблем на жителите од населеното место Ратае и веќе истите имаат нов колектор за фекална канализација.







ПРОМЕНА И СЕРВИС НА ДОТРАЕНИОТ СИСТЕМ ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Се врши постојана замена на дотраениот систем за улично осветлување со нови енергетско ефикасни светилки, арматури и пригушници во сите населени места на територијата на општината Јегуновце.



НАБАВЕНИ И ПОДЕЛЕНИ ПЛАСТИЧНИ КАНТИ ЗА КОМУНАЛЕН ОТПАД

Набавени се дополнителни 240 канти за комунален отпад.

екипи на ОЈП и општина Јегуновце поделија канти за комунален отпад, секое домаќинство планирано е да добие канта, поделени се во населените места каде немаше поделено канти, но и во останатите населени места низ општина Јегуновце каде има потреба.

Кантите се наменети за домаќинствата во населните места на општина Јегуновце, набавката е согласно Програмата за управување со отпад за 2023 година, а средствата се обезбедени од буџетот на Општина Јегуновце.



ИЗВРШЕНА КОМПЛЕТНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕТСКИ ЗАБАВЕН ПАРК ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО ДОЛНО ОРАШЈЕ И ЗАГРАДЕН УЧИЛИШНИОТ ДВОР СО МЕТАЛНА ОГРАДА

Извршена реконструкција и поставена нова метална ограда во ПОУ во с.Долно Орашје и поставени детски реквизити во самиот училишен двор.



Со оваа реализација се подобруваат условите на младите и сите жители од ова населено место непречено да спортуваат и се рекреираат.

Продолжуваме со зацртаните цели и проекти со кои го подобруваме квалитетот на живеење во сите сфери, особено што ги подобруваме условите каде учат, спортуваат и се рекреираат нашите деца и сограѓани.



ИЗГРАДЕН ДЕТСКИ ЗАБАВЕН ПАРК ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО ТУДЕНЦЕ

Изграден детски забавен парк во населено место Туденце.

Со оваа реализација ќе се подобрат условите на младите и сите жители од ова населено место каде ќе можат непречено да спортуваат и се рекреираат.

Средствата се обезбедени од буџет на општина Јегуновце.



ИЗВРШЕНО ОГРАДУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ПОВЕЌЕНАМЕНСКО СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО ПОДБРЕЃЕ

Извршена реконструкција и поставена нова метална ограда на дел од повеќенаменското спортско игралиште во населено место Подбреѓе.



Со оваа реализација се подобруваат условите на младите и сите жители од ова населено место непречено да спортуваат и се рекреираат.

Продолжуваме со зацртаните цели и проекти со кои го подобруваме квалитетот на живеење во сите сфери, особено што ги подобруваме условите каде учат, спортуваат и се рекреираат нашите деца и сограѓани.



ИЗГРАДЕНО НОВО СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ И ПОСТАВЕНА ЗАШТИТНА ОГРАДА ВО ПРЕЉУБИШТЕ

Изградено ново спортско игралиште во населено место Прељубиште и поставена заштитна ограда на дел од истото.

Со оваа реализација ќе се подобрат условите на младите и сите жители од ова населено место каде ќе можат непречено да спортуваат и се рекреираат.

Средствата се обезбедени од буџет на општина Јегуновце.



ЗАГРАДЕН ДЕЛ ОД УЧИЛИШНИОТ ДВОР НА ОУ ВО ШЕМШОВО СО БЕТОНСКИ SИД

Извршено заградување на дел од училишниот двор од основното училиште со нов бетонски sид во населено место Шемшово



Продолжуваме со зацртаните цели и проекти со кои го подобруваме квалитетот на живеење во сите сфери, особено што ги подобруваме условите каде учат, спортуваат и се рекреираат нашите деца и сограѓани.



ИЗГРАДЕН ДЕТСКИ ЗАБАВЕН ПАРК ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО ШЕМШОВО

Изграден детски забавен парк во населено место Шемшово.

Со оваа реализација ќе се подобрат условите на младите и сите жители од ова населено место каде ќе можат непречено да спортуваат и се рекреираат.

Средствата се обезбедени од буџет на општина Јегуновце.



ИЗВРШЕНА Е РЕКОНСТРУКЦИЈА И ПРОШИРУВАЊЕ НА ЧЕТИРИ МОСТА НА ДЕЛНИЦА ПРЕЉУБИШТЕ - ЈАНЧИШТЕ И ПОСТАВЕНИ БЕТОНСКИ ЦЕВКИ НА КАНАЛ ДОЛЖ ЛОКАЛНИОТ ПАТ ТУДЕНЦЕ-ПРЕЉУБИШТЕ

Завршени пет инфраструктурни проекти, извршена целосна реконструкција и проширување на четири мостови на регионалниот пат Прељубиште - Јанчиште и поставени бетонски цевки покрај локален пат



Со овој зафат значително ќе се подобрат условите за одвивање на сообраќајот на овие простори а жителите ќе можат без потешкотии да ги извршуваат своите обврски и безбедно да патуваат до потребната дестинација.



Според проектниот план за реконструкција , најавувам активности и во другите населени места, ги слушаме проблемите на граѓаните, носиме одлуки и решенија, работиме посветено, чесно и транспарентно !





ОБЕЗБЕДЕНО БЕТОНСКИ ЦЕВКИ Ф 800 ВО ДОЛЖИНА ОД ОСУМ МЕТРИ ЗА НАСЕЛЕНО МЕСТО ВРАТНИЦА

Обезбедено бетонски цевки Ф800мм во должина од 8м за реновирање и санација на канал за наводнување во населено место Вратница.

Со обезбедување на цевките одговорено е на барањето на жителите на населено место Вратница за кои како Општина Јегуновце излеговме во пресрет на нивното барање и го решивме проблемот.

Продолжуваме со грижа за сите граѓани, продолжуваме со решавање локални проблеми и приоритети во сите населени места.

ОБЕЗБЕДЕНО ПВЦ ЦЕВКИ Ф 250 ВО ДОЛЖИНА ОД ДЕВЕДЕСЕТ И ШЕСТ МЕТРИ ЗА НАСЕЛЕНО МЕСТО ГОРНО ОРАШЈЕ

Обезбедено 96метри ПВЦ цевки Ф250мм за потребите на населено место Горно Орашје со кој ќе се обезбедат услови за проширување на локалниот пат и остранување на атмосверските води од коловозот.

Со обезбедување на ПВЦ цевките одговорено е на барањето на жителите на населено место Орашје за кои како Општина Јегуновце излеговме во пресрет на нивното барање и го решивме проблемот.

Продолжуваме со грижа за сите граѓани, продолжуваме со решавање локални проблеми и приоритети во сите населени места.





ОБЕЗБЕДЕНО ПВЦ ЦЕВКИ Ф 315 ВО ДОЛЖИНА ОД ТРИСТА ПЕДЕСЕТ И ЧЕТИРИ МЕТРИ ЗА НАСЕЛЕНО МЕСТО ЈАНЧИШТЕ

Обезбедено ПВЦ цевки Ф315мм во должина од 354м за потребите на месната заедница во населено место Јанчиште.

Со обезбедување на цевките одговорено е на барањето на жителите на населено место Јанчиште за кои како Општина Јегуновце излеговме во пресрет на нивното барање и го решивме проблемот.

Продолжуваме со грижа за сите граѓани, продолжуваме со решавање локални проблеми и приоритети во сите населени места.

ИСЧИСТЕНИ ПОВЕЌЕ ОД ДВАЕСЕТ ДИВИ ДЕПОНИИ ВО ПОВЕЌЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА НИЗ ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

Во соработка со општинското јавно претпријатие и расположливата механизација исчистени се повеќе од дваесет диви депонии на територија на општина Јегуновце што со години се проблем за локалното население. Чистењето на дивите депонии е по барање на жителите, а ние како локална власт превзедовме мерки за решавање на проблемот. Континуирано ќе се чистат и уредуваат дивите депонии и јавениот простор во сите населени места во општина Јегуновце.





АСФАЛТИРАНА ЛОКАЛНА УЛИЦА ВО ЖИЛЧЕ

Асвалтирана локална улица во населено место Жилче, каде жителите кои живеат во овој дел од општината, ќе имаат полесен пристап до своите домови.
Проектот опфаќа целосно асфалтирање на улицата со ширина од 3,5 метри и должина од 374 метри.
Ние сме секогаш помеѓу народот и континуирано работиме на подобрување на условите за живот на нашите сограѓани.





АСФАЛТИРАНА ЛОКАЛНА УЛИЦА ВО РАТАЕ

Асфалтирана локална улица во населено место Ратае, каде жителите кои живеат во овој дел од општината, ќе имаат полесен пристап до своите домови.

Проектот опфаќа целосно асфалтирање на улицата со ширина од 3,5 метри и должина од 442 метри.

Нови улици и инфраструктурни проекти кои го унапредуваат живеењето, го подобруваат движењето и решаваат важни локални проблеми.








ИЗГРАДЕНИ ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ ВО:
-КОПАНЦЕ
-ЈАНЧИШТЕ
-ЈЕГУНОВЦЕ

Изградени пешачки патеки во населените места Копанце, Јанчиште и Јегуновце.
Жителите од овие населени места добија нови пешачки патеки кои се од локално значење.
Со овој проект се решаваат проблемите кои ги имаат пешаците но и возачите.
Инвестицијата е финансирана со средства од буџетот на Општина Јегуновце.

Покажавме дека со домаќинско работење може да се заштедат средства и да се инвестираат во инфраструктурни проекти.









ИЗГРАДЕНА УЛИЦА СО БЕКАТОН ПЛОЧКИ ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО ВРАТНИЦА

Изградена улица со бекатон плочки во населено место Вратница кој е во должина од 200 метри.

Инвестираме во подобри услови за живеење, ја менуваме инфраструктурната слика во Општина Јегуновце.

Според проектниот план за реконструкција на улици, најавувам активности и во другите населени места, ги слушаме проблемите на граѓаните, носиме одлуки и решенија, работиме посветено, чесно и транспарентно

Средствата за оваа реализација се обезбедени од буџет на општина Јегуновце.

ДОДЕЛЕНИ БЕКАТОН-ПЛОЧКИ ВО ПОВЕЌЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА

Доделени се бекатон-плочки со цел довршување на започнати градежни проекти како и поплочување на нови сокаци и улици и проширување на локални патишта во населените места:

-Копанце
-Прељубиште
-Јанчиште
-Подбреѓе
-Туденце
-Ротинце
-Ратае
-Јегуновце
-Вратница
-Старо Село
-Беловиште





ИЗГРАДЕНА УЛИЦА СО БЕКАТОН ПЛОЧКИ ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО ПРЕЉУБИШТЕ

Зградена улица со бекатон плочки во населено место Прељубиште.

Инвестираме во подобри услови за живеење, ја менуваме инфраструктурната слика во Општина Јегуновце.

Според проектниот план за реконструкција на улици, најавувам активности и во другите населени места, ги слушаме проблемите на граѓаните, носиме одлуки и решенија, работиме посветено, чесно и транспарентно

Средствата за оваа реализација се обезбедени од проект од програмата Декада на Роми.



НАБАВЕНИ ИВИЧЊАЦИ ВО ДОЛЖИНА ОД 680М И 20 КАНДИЛАБРИ ЗА ИГРАДБА НА ТРОТОАР ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО ШЕМШОВО

Обезбедено ивичњаци во должина од 680м и дваесет кандилабри за изградба на тротоар во населено место Шемшово за изградба на тротоар.

Продолжуваме со грижа за сите граѓани, продолжуваме со решавање локални проблеми и приоритети во сите населени места.



ИЗВРШЕНО ПРОШИРУВАЊЕ И РАМНЕЊЕ НА ПОЛСКИ ПАТИШТА ВО ПОВЕЌЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА НИЗ ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

Извршивме проширување и рамнење на полските патишта во населените места низ општина Јегуновце.

